UNIVERSITETI I EVROPËS JUGLINDORE
УНИВЕРЗИТЕТ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА
SOUTH EAST EUROPEAN UNIVERSITY

| | |
|---|---|
| **Study program** | **Одржлив туризам** |
| Факултет | Бизнис и економија |
| Циклус на студии | Прв циклус (Додипломски) |
| ЕКТС | 180 |

## Опис на програмата

Опис на студиската програма

Тргнувајќи од интересот на студентите и искуствата на факултетот, факултетот ја разви студиската програма која ги има следниве цели: студентот да се стекне со општо знаење и разбирање на предметите од областа на туризмот, особено за поимот и содржината на одржливиот туризам, како и подготвување на студентите да планираат еден одржлив туризам, разбирање на животната средина и одржливоста, како и менаџментна клиенти во туризмот.Програмата за Одржлив туризам има примарна цел да им обезбеди на студентите знаења од областа на туризмот во функција на подигнување на свесноста за животната средина и за реализација на одржливиот развој на туризмот. Програмата им нуди на студентите широко познавање од областа на бизнисот и на туризмот и овозможува влијание врз глобалното општество.

## Кариера

Кога студентите ќе дипломираат од оваа програма, тие можат да добијат многу раководни позиции во туризмот, како што се:

- Регионален менаџер  за туризам, туризам советник, маркетинг менаџер за дестинации, претприемач во туризам, итн.
- Исто така може да се стекнуват со знаење  за да развиваат локалниот туризам како и промотор на рурален, еко-туризам, и спорт туризам во своите места.
- Да работат во други туристички агенции и институции и да подготват туристички планови, истражуват можности за развој на одржлив туризам, итн.

## Резултати од учењето

### Знаење и разбирање

- Да демонстрираат познавање и разбирање на предмети од областа на туризмот и неговата одржливост
- Да демонстрираат познавање и разбирање на проблемите на туризмот, како што се: одржлив развој на туризмот, влијанијата на туризмот врз животната средина , принципите на одржливиот туризам, екотуризам и одржлив туризам, case studyна (не) одржлив туризам , итн

### Примена на знаењето и разбирањето

- Да демонстрираат познавање и разбирање на предмети од областа на туризмот и неговата одржливост
- Да демонстрираат познавање и разбирање на проблемите на туризмот, како што се: одржлив развој на

туризмот, влијанијата на туризмот врз животната средина , принципите на одржливиот туризам, екотуризам и одржлив туризам, case studyна (не) одржлив туризам , итн

**Способност за проценка**

- Проценка на маркетинг импликации за одржлив туризам, како што се дизајн на услугата, ценовни стратегии, ефикасна промоција и задоволството на клиентите на систематски и креативен начин;
- Проценка на условите на пазарот (удел на пазарот, целни клиенти, позната и непозната животна средина) со цел да се планираат производи или услуги, да се координираат маркетинг активностите во рамките на туристичката компанија, контрола и следење на истите тие активности постојано во рамките на компанијата;

- Да размислуваат критички за проблемите на маркетингот (производ, цена, место, промоција,луѓе) и бизнис ситуации во туристички средини, комуникациски вештини

**Комуникациски вештини**

- Да презентираат маркетинг стратегии и планови во рамките на организацијата, на публика од различни институции и организации, користејќи соодветна форма на изразување за целата публика;
- Водење и иницирање на активности со земајќи ги во предвид туристичките планови и стратегии;
- Изберете правилни средства за комуникација, при промоција и продажба на производи / услуги;
- Пренесување на заење на новите генерации од областа одржлив туризам

**Вештини на учење**

- Идентификување на лична потреба, и селекција на соодветни ресурси ,
- Стекнување со вештини и знаења,
- Самоиницијатива за независно истражување на потребите на пазарот, со цел да ги исполнат потребите и барањата на потрошувачите,

# Листа на предмети

## Семестар 1

- [6.0 ЕКТС] **Економика на туризмот**
- [6.0 ЕКТС] **Маркетинг на туризмот**
- [6.0 ЕКТС] **Вовед во бизнис**
- [6.0 ЕКТС] **Слободен изборен предмет1**
- [3.0 ЕКТС] **Изборен предмет Англиски јазик 1**
- [3.0 ЕКТС] **Изборен предмет**

## Семестар 2

- [6.0 ЕКТС] **Принципи на менаџмент**
- [6.0 ЕКТС] **Менаџмент на човечки ресурси**
- [6.0 ЕКТС] **Деловно планирање во туризмот**
- [6.0 ЕКТС] **Слободен изборен предмет 2**
- [3.0 ЕКТС] **Изборен предмет Англиски јазик 2**
- [3.0 ЕКТС] **Изборен предмет**

## Семестар 3

- [6.0 ЕКТС] **Животна средина и екологија**
- [6.0 ЕКТС] **Математика и статистика**
- [6.0 ЕКТС] **Практична работа**
- [6.0 ЕКТС] **Слободен изборен предмет3**
- [6.0 ЕКТС] **Изборен предмет Англиски јазик за специфични цели 1**

## Семестар 4

- [6.0 ЕКТС] **Меѓународен туризам**
- [6.0 ЕКТС] **Меѓукултурни односи и туризам**
- [6.0 ЕКТС] **Практична работа**
- [6.0 ЕКТС] **Изборен предмет Англиски јазик за специфични цели 2**
- [6.0 ЕКТС] **Изборен предмет 4/1**

### Семестар 5

- [6.0 ЕКТС] **Развојни политики во туризмот и угостителството**
- [6.0 ЕКТС] **Менаџмент на хотели и на ресторани**
- [6.0 ЕКТС] **Практична работа**
- [6.0 ЕКТС] **Изборен предмет 5/1**
- [6.0 ЕКТС] **Изборен предмет 5/2**

### Семестар 6

- [6.0 ЕКТС] **Страгески менаџмент во туризмот**
- [6.0 ЕКТС] **Животна средина и туризмот**
- [6.0 ЕКТС] **Практична настава**
- [6.0 ЕКТС] **Изборен предмет 6/1**
- [6.0 ЕКТС] **Изборен предмет 6/2**

## Description of courses

### Задолжителни предмети

- **Економика на туризмот**
  Овој предмет ги истражува начините на кои може да се дизајнира една организација (од менаџерите или некои други) со цел да се постигнат нејзините цели во областа на туризмот. Притоа се опфаќаат сознанијата економистите, психолозите и на во однос на овие и на некои други поврзани прашања. Во таа насока предметот е интердисциплинарен и се однесува на придонесот на социјалните научни дисциплини со фокус на проучување на организициите.Се користат теоретските и емпириските материјали со кои студентите ќе бидат поттикнати да се служат. Фокусот ќе биде ставен на организациите гледани од економски аспект.

- **Маркетинг на туризмот**
  Целта на наставата по овој предмет е студентите да стекнат знаења од областа на управувањето со маркетинг-активностите, маркетинг-околината и со нејзината динамичност и стимулирачкото влијание врз работата на претпријатијата кои функционираат во туристичкиот сектор, маркетинг-одлуките кои менаџерите ги прават во врска со стратегиите кои ги применуваат и последиците од тие стратегии, маркетинг-планирањето, маркетинг-тактиките и маркетинг-контролата. Поаѓајќи од фактот дека во центарот на вниманието на секое претпријатие треба да се потрошувачот и неговите потреби и желби, потребно е да се донесат правилни маркетинг-одлуки како на ниво на претпријатието во целина, така и на пониските нивоа на организација.

- **Вовед во бизнис**
  Предметот Вовед во бизнис е дизајниран со цел студентите да се запознаат со надворешното и внатрешното окружување на претпријатието. Меѓутоа, внимание ќе биде посветено и на финансиската, на маркетинг и на организационата функција на претпријатието. Покрај ова, ќе се согледа и влијанието на претпријатието врз заедницата во која дејствува.

- **Принципи на менаџмент**
  Преку овој предмет студентите се запознаваат со „јазикот на менаџментот“ (термини и теории) и со улогата на менаџерите во организацијата. Студентите ќе ги применуваат добиените знаења во различните студии на случај кои се однесуваат на соодветни аспекти. Притоа се обработува следново: главните школи и теории за менаџмент, разбирањето на менаџментот, менаџментот како процес и главните функции на менаџментот како планирање, организирање, лидерство, мотивација, менаџментот на човечки ресурси и контролата.

- **Менаџмент на човечки ресурси**
  Проучувањето на наставната материја по предметот Менаџмент на човечки ресурси им овозможува на

студентите да се запознаат со сложената проблематика на управувањето со човечките ресурси, сфатено како процес на извршување низа активности и функции со цел луѓето, како најважни ресурси во организацијата, да се искористат на најефективен и најефикасен начин. Во тие рамки, особено внимание се посветува на следниве аспекти на менаџментот на човечки ресурси: различните концепции, содржината, целите и задачите, положбата на менаџментот на човечки ресурси во функционирањето на организацијата, анализа на работата, планирање на човечките ресурси, обезбедување кандидати за нови работни места, селекција на човечките ресурси, воведување во работата, професионален развој на човечките ресурси, поттикнување на успешноста во работата, откривање менаџерски потенцијали и способности,менаџментот на човечките ресурси и работните односи.

- **Деловно планирање во туризмот**
  Преку овој предмет студентите се запознаваат со концептот на деловно планирање, со карактеристиките на деловните планови. Притоа се врши идентификација и евалуација на можностите за развој на бизнис. Студентите ќе имаат можност да анализираат повеќе студии на случај и да стекнат практични искуства од оваа област.

- **Животна средина и екологија**
  Во рамките на овој предмет се разгледува врската помеѓу животната средина и економијата, а особено прашањето како економијата може да ги идентификува клучните аспекти на проблемите со животната средина. Економските концепти се користат за да се најде решение за загадувањето, менаџментот на општествените ресурси и за можноста за одржлив развој.

- **Математика и статистика**
  Преку овој предмет студентите ќе ги разберат и ќе ги применат елементите на дескриптивната статистика,теоријата на веројатност проследено со веројатноста и распределбата на примероците, пресметката на дистрибутивните параметри, пресметката и контролата на статистичките хипотези,тестирањето на хипотезите,анализата на варијанса,линераната анализа и анализата на временски серии,едноставната линеарна регресија и корелација.

- **Практична работа**

- **Меѓународен туризам**
  Основната намена на овој предмет е да се претставаат модерните тенденции во меѓународниот туризам и нивното влијание врз националните економии. Во рамките на овој предмет се опфатени следниве теми: вовед во меѓународниот туризам, современи тенденции на глобализација на меѓународните економски текови, технолошкиот развој и структурните промени во светскиот туризам, местото на Република Македонија во меѓународниот туризам.

- **Меѓукултурни односи и туризам**
  Овој предмет им овозможува на студентите да стекнат знаења од областа на културата на земјите, но и да го определет нејзиното значење за туризмот на една држава. Се обработуваат значењето на културното наследство и историскиот развој на културата во светот, со посебен осврт на Република Македонија.

- **Практична работа**

- **Развојни политики во туризмот и угостителството**
  Целта на овој предмет е да се претставаат политиките за развој и нивното влијание врз туризмот. Се изучуваат разни политики во разни држави и се анализира нивната апликација во областа на туризмот, со истакнување на добрите и лошите страни.

- **Менаџмент на хотели и на ресторани**
  Во рамките на овој предмет се обработуваат значењето, организацијата, специфичностите на хотелиерската и ресторанската дејност со сите сегменти на нејзина успешна апликација - карактеристиките на угостителските објекти, функциите, локацијата, условите и слично.

- **Практична работа**

- **Страгески менаџмент во туризмот**
  Целта на наставата по овој предмет е да се оспособат студентите да го разберат процесот на донесување одлуки (на ефективен начин да донесуваат добри деловни одлуки како идни менаџери). Преку предвидениот материјал студентите ќе ги совладаат основите на системскиот пристап, системската анализа, теоријата на информациите и теоријата на информационите системи, кои пошироко се истражуваат во наредните студиски години. Донесувањето одлуки е суштествен дел на менаџерската професија. Преку изведувањето вежби со практични примери, студентите практикуваат индивидуална и тимска работа. На тој начин се доближуваат до организационата реалност и се оспособуваат за правилно решавање на деловните проблеми.

- **Животна средина и туризмот**
  Во рамките на овој предмет се обработуваат основните поими за животната средина, за загадувањето на животната средина, како и еколошките проблеми - превенција, контрола и мониторинг на животната средина и влијанието на условите во животната средина врз туризмот.

- **Практична настава**

## Изборни предмети

- **Социологија на туризмот**
  Основна цел на овој предмет е студентите да стекнат основни знаења од областа на општеството и на општествените односи, обработувајќи ги следниве теми: проблематика на општествената мисла низ историјата, конституирање на социлогијата, фази на развој на социолошката мисла, социологијата како посебна наука, политиката како специфична наука и културата.

- **Деловни договори**
  Во рамките на предметот се изучува примената на деловното право во насока на задоволување на сопствените потреби и на развој на кариерата. Некои од темите кои треба да се обработат се: историја на правото, договорите, односите меѓу работодавачот и работникот, заштита на потрошувачите, инструменти на преговарање и други правни инструменти, како и основите на денешниот правен систем и неговите влијанија врз поединците. Студентите ќе стекнат знаења и ќе ги применат своите знаења при различни активности во предавањата во насока на развивање на способности за критичко размислување. Темите вклучуваат: право, етика, судски систем, договори, долгови, побарувања и банкротирање.

- **Регулатива на ЕУ за туризам**
  Во рамките на предметот се изучува примената на регулативата ЕУ во областа на туризмот во однос на задоволување на потребите на претпријатијата и на развојот на кариерата. Притоа се обработуваат следниве теми: историја на правото, договори, односи меѓу работодавачот и работникот, заштита на потрошувачите, инструменти на преговарање и други правни инструменти. Студентите ќе стекнат знаења и ќе ги применат при различни активности во правец на развивање на способности за критичко размислување. Се разгледуваат и следниве поими: право, етика, судски систем, договори, долгови, побарувања и банкротирање.

- **Деловна етика**
  Етиката претставува збир на правила кои водат кон морално однесување и кои се јавуваат како основа за зачувување или за продолжување на организираниот начин на живот, и обратно. Предмет на етиката е моралот во неговата сложеност, противречност, недовршеност. Самата етика како наука има за цел да ги проучува и да ги објаснува моралните појави и да учи на морал. Доколку се имаат предвид горенаведените аспекти, сосема е разбирлива големата важност на деловната етика за управување со современите претпријатија. Во рамки на овој предмет ќе се разработат теоретските аспекти на деловната етика, секогаш имајќи ги предвид реалноста во македонската национална економија и начинот на кој функционираат претпријатијата во Македонија.

- **Сметководство**
  Предметот се однесува на основите на финансиското сметководство. Притоа студентите се запознаваат со

подрачјето на финансиското сметководство. Опфатени се следниве подрачја: општо за сметководството, книговодството, финансиските извештаи - биланс на состојба и успех, извештај за паричните текови и извештај за промените на сопственичкиот капитал, средствата и обврските и сл.

- **Гастрономија**
  Преку овој предмет студентите стекнуваат сознанија поврзани со прашања од областа на гастрономијата: видови храна, подготвување и послужување, планирање и производство на храна, дизајнирање мени и сл.

- **Историја на Балканот и на Европа**
  Во рамките на овој предмет се изучуваат историјата на Балканот и Европа од антички време, па се до модерните текови и нејзиното влијание врз туризмот на регионов.

- **Претприемништво**
  Овој предмет опфаќа истражување на личноста на претприемачот и на начинот на создавање иновативни деловни идеи. Студентите ќе ги разгледаат плановите, самовреднувањето и оперативните стратегии кои се потребни за започнување мал бизнис. Процесот на деловно планирање опфаќа препознавање на можностите, развој на деловната концепција, анализа на изводливоста, како и бизнис-план. Бизнис-планот се состои од: менаџмент и организациски план, план на производот/услугата, маркетинг-план и финансиски план. Студентите ќе стекнат знаења, способности, концепти и стратегии за започнување нов бизнис и претприемништво во раната фаза. Предметот, исто така, ќе опфаќа и купување на постоечки бизниси и купување франшиза.

- **Екотуризам**
  Во рамките на овој предмет се обработуваат развојот на екотуризмот и неговата иднина, неговите специфициките и значењето за човековиот и за општествениот развој, претставувајќи ги добрите практики од државите во кои неговиот развој е на високо ниво, со цел да се утврдат насоките за негов развој во Македонија и да се идентификува неговото значење за економијата на државата.

- **Рурален туризам**
  Во рамките на овој предмет се обработуваат развојот на руралниот туризам и неговата иднина, имајќи ги предвид специфициките и значењето на руралниот туризам за човековиот и за општествениот развој, претставувајќи ги добрите практики од државите во кои неговиот развој е на високо ниво, со цел да се утврдат насоките за негов развој во Македонија и да се идентификува неговото значење за економијата на државава.

- **Спортски туризам**
  Во рамките на овој предмет се обработуваат развојот на спортскиот туризам и неговата иднина,неговите специфицики и значењето на спортскиот туризам за човековиот и за општествениот развој, претставувајќи ги добрите практики од државите во кои неговиот развој е на високо ниво, со цел да се утврдат насоките за неговиот развој во Македонија и да се идентификува неговото значење за економијата на државава.

- **Маркетинг на услуги**
  Предметот се фокусира на анализирање на предизвиците на маркетинг-услугите, на управувањето со услуги и на обезбедување квалитет на услуги на клиентите. Во рамките на предметот се опфатени начинот на привлекување и на задржување потрошувачите, како и градењето добри односи со клиентите преку квалитетни услуги. Основните концепти опфатени во овој модул се: разликата помеѓу маркетинг-услуги наспроти производи; улогата на оние кои даваат услуги, клучните двигатели на квалитетот на услугите, улогата на корисникот во создавање услуги; дизајнот и иновациите на услугата,креирањето подобри искуства со клиентите; влијанието на технологијата во услугите; управување со очекувањата на клиентите за услугите итн.

- **Однесување на потрошувачите**
  Овој предмет ќе се фокусира на анализирањето на факторите кои придонесуваат во процесот на одлучувањето за купување на некои производи или, пак, услуги. Еден од најкомплексните аспекти на маркетингот е разбирањето на потрошувачот. Доколку разбирањето на однесувањето на потрошувачите беше толку лесно, тогаш сите производи или услуги ќе беа продадени. Во срцето на секој бизнис е побарувачката за производи или услуги. Затоа, разбирање на она што да изберат потрошувачите, кога, зошто, каде и како потрошувачите да изберат производи, е важно за пазарот. Истражување на однесувањето на потрошувачите

во текот на последниве неколку децении го привлече вниманието на различни области како што се психологијата, економија, антропологијата и социологијата, за да се разбере подобро однесувањето на потрошувачите.

- **Менаџмент на туристички агенции**
  Во рамките на овој предмет се офатени следниве прашања: современи тенденции на менаџментот, современи тенденции во туризмот и угостителството, функции на менаџмент. Основна цел на овој предмет е студентите да стекнат основни знаења од областа менаџментот за да можат да ги следат предметните програми со содржини од различните области на менаџментот во туризмот.

- **Економија на туристички услуги**
  Целта на овој предмет е студентите да се запознаат со економијата на туристичката дејност, со некои нејзини аспекти: организацијата, планирањето, ресурсите, класификацијата, средствата, развојот и апликацијата.

- **Деловно комуницирање**
  Во последниве години сè повеќе компании ги применуваат техниките на деловно комуницирање како главна алатка за одговор на сè позаострената конкуренција на глобалниот пазар. Овој предмет претставува обид за подобрување на комуникациските способности на студентите со теоретско, но, пред сè, и со практично укажување на правилниот начин на комуницирање во организациска средина со вработените и со менаџерите како и при одржување состаноци,интервјуа и сл., како и при преговарање и мотивирање на сите околу нив.